# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 5265 Скопје, 09.08.2010 година

Врз основа на член 59 од Законот за банките („Службен весник на РМ" бр. 67/2007, 90/2009 и 67/2010) и глава X од Одлуката за издавање согласности („Службен весник на РМ" бр. 91/07, 134/07 и 139/08), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Ѝ се издава претходна согласност на „Националната банка на Грција" СА од Атина, Република Грција, да стекне акции чиј вкупен номинален износ надминува 75% од вкупниот број издадени акции со право на глас на „Стопанска банка" АД Скопје.

2. Трансакцијата за стекнување на акциите треба да се изврши во рок од 180 дена од денот на добивањето на согласноста од гувернерот. По истекот на овој рок, задолжителна е постапка за добивање нова согласност.

## Образложение

На 14.07.2010 година, „Националната банка на Грција" СА од Атина, Република Грција (понатаму во текстот: „НБГ") поднесе барање до Народната банка на Република Македонија за добивање претходна согласност за стекнување акции чиј вкупен номинален износ надминува 75% од вкупниот број издадени акции со право на глас на „Стопанска банка" АД Скопје. Барањето е комплетирано со документацијата од член 59 став 5 од Законот за банките и глава X точки 43 и 44 од Одлуката за издавање согласности.

„НБГ" е акционер во „Стопанска банка" АД Скопје од 2000 година, врз основа на претходна согласност издадена со Решението на гувернерот на Народната банка од 16.05.2000 година. Со Решението на гувернерот на Народната банка од 28.08.2002 година, на оваа банка ѝ е издадена претходна согласност за стекнување 75% од вкупниот број акции со право на глас во „Стопанска банка" АД Скопје, а со Решението на гувернерот од 12.11.2007 година е извршено прелиценцирање согласно со Законот за банките и е утврдено дека „НБГ" ги исполнува условите да биде акционер со квалификувано учество од 75% од вкупниот број акции со право на глас на Банката.

Според Извештајот од Централниот депозитар за хартии од вредност, со состојба на 07.07.2010 година, „НБГ" поседува 73,04% од вкупниот број акции со право на глас во „Стопанска банка" АД Скопје. Во барањето за добивање на согласноста е наведено дека „НБГ" има намера да се стекне со дополнителен број акции во Банката преку купување на акциите на акционерите „ЕБРД" и „ИФЦ", коишто поседуваат по 1.885.860 акции, односно имаат поединечно учество од 10,80% од акциите со право на глас на Банката. Со тоа „НБГ" би